**20160391010**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНА И АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2016 година.

Бр. 08-1315/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНА И АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА

Член 1

Во Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ број 25/15), во членот 50 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Заради унапредување на работата на Центарот за ТКМ, лицата од ставот (4) на овој член можат да специјализираат и да супспецијализираат од определени гранки на медицината, односно фармацијата согласно со Законот за здравствената заштита, за што Центарот за ТКМ донесува Годишна програма за усовршување и ги уплаќа средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата. Специјализацијата, односно супспецијализацијата на здравствените лица од ставот (4) на овој член може да се планира и да се одобри само од гранките на медицината, односно фармацијата кои придонесуваат за остварување на дејноста на Центарот за ТКМ.“

Ставовите (5) и (6) стануват ставови (6) и (7).

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.